# Општина Кочани

Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 08-677/1
29.03 20 24 год.
КОЧАНИ

Врз основа на Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите на Општина Кочани за 2024 година, бр. 09-2205/1 од 15.12.2023 година, Општина Кочани преку координаторот за еднакви можности на жените и мажите покренува

**И Н И Ц И Ј А Т И В А**

**за воспоставување редовни уролошки прегледи во Општа болница со проширена дејност - Кочани**

Врз основа на податоците од ЈЗУ Центар за јавно здравје – Кочани, коишто покажуваа значителен пораст на бројот на малигни заболувања кај мажите (2022: 253; 2023: 453), како и поради недостигот од Уролошка амбуланта во Општа болница со проширена дејност – Кочани, Општина Кочани покренува иницијатива за воспоставување редовни уролошки прегледи во кочанската јавна здравствена установа.

Иницијативата се однесува на обезбедување специјалист уролог којшто ќе врши редовни/периодични уролошки прегледи за пациентите од Кочани и регионот што го покрива Општа болница – Кочани.

Воспоставувањето редовни уролошки прегледи во Кочани ќе придонесе да се намалат трошоците на пациентите, да се скрати времето на чекање за прегледи во поголемите здравствени центри, и ќе се поттикнат повеќе мажи на поредовни прегледи, што ќе влијае на раната дијагностика на ракот на машките органи.

Во очекување на успех на оваа иницијатива, Ви благодариме!

Љупчо Папазов,

градоначалник на Општина Кочани

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ

Кочани
28.3.2024 г.

Изработила: Љ. Ајтовска
Контролирал и одобрил: Д. Ананиев